ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Од:** **Фонд за здравствено осигурување на Македонија**
**Сектор за финансиски прашања**

**До:** **Приватни здравствени установи**

**Датум:** **13.03.2012**

**Предмет: Информација за измени во начинот на фактурирање на здравствени услуги во специјалистичко консултативна дејност и останати болнички здравствени услуги кои не се евидентираат во ДСГ (дневна болница)**

Почитувани,

Почнувајќи од 01.04.2012 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија воведува измени во начинот на фактурирање на здравствени услуги во **специјалистичко консултативна дејност и останати болнички здравствени услуги кои не се евидентираат во ДСГ (дневна болница)**.

Измените подразбираат:

1. **Фактурите и спецификациите** освен во хартиена форма ќе се доставуваат до Фондот и во **електронска форма**
2. Хартиените **пресметки** од пружени здравствени услуги нема да се доставуваат во просториите на подрачните служби на Фондот односно ќе се **чуваат во просториите на здравствените установи**.

Со цел усогласување со ваквиот начин на фактурирање здравствените установи е потребно да обезбедат два основни предуслови:

- **Софтвер** за евидентирање на здравствени услуги кој ќе ги генерира електронските фајлови согласно техничките упатства на Фондот
- **Простор** за складирање на документација

Контролата над оригиналната документација од страна на Фондот ќе се врши во просториите на здравствените установи најмалку еднаш квартално при што предмет на контрола ќе бидат најмалку 15% од пресметките по случаен избор со опфат на сите дејности. По извршена контрола, оригиналната документација ќе може да се складира и во просторија која е дислоцирана од просториите на здравствената установа. Согласно законските одредби кои ја регулираат оваа проблематика здравствените установи имаат обврска да ја чуваат оваа документација во рок од 5 години.

За здравствените установи кои нема да бидат во можност веднаш да се прилагодат на примената на ваквиот начин на фактурирање Фондот ќе овозможи период на адаптација. Тоа значи дека доколку е потребно прилагодување на софтверот во здравствената установа и/или доколку истата не е во можност

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

веднаш да започне да ги складира пресметките од здравствени услуги во своите простории, ќе биде оставен период за обезбедување на условите во кој здравствените установи ќе може да ги фактурираат здравствените услуги на начин кој е во сила и до сега со тековните договори.

Сметаме дека ваквите измени ќе обезбедат олеснување во процесот на фактурирање. Предности на новиот начин на фактурирање:

- Поажурна и подетална евиденција
- Помалку административна работа
- Лесно пребарување на податоци
- Помали трошоци за транспорт
- Подобрена транспарентност кај финансиското работење на ЈЗУ
- Поголема ефикасност при укажувањето и коригирањето на грешките при фактурирање
- Зголемена ефикасност на контролата

За подетални информации во поглед на измените во начинот на фактурирање Ве замолуваме да се обратите до Сектор за финансиски прашања. Лица за контакт се Марија Петреска, е-маил: marijap@fzo.org.mk, тел: 02 328 90 25 и Горан Трајкоски, е-маил gorant@fzo.org.mk, тел: 02 328 90 29.

Со почит,

**Директор на Сектор за финансиски прашања**
**М-р Татјана Лукановска**

Изготвил:
Горан Трајкоски
Контролирал:
Снежана Ќовкароска-Шилоска